Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија број 202/24), Градоначалникот на Град Скопје донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот, условите, постапката и критериумите за доделување на финансиски средства наменети за кофинансирање на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот, условите, постапката и критериумите за доделување на финансиски средства наменети за кофинансирање на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование..

Проектите кои ќе бидат финансиски поддржани од страна на Град Скопје, треба да се однесуваат на Приоритетите дефинирани во Програмата за активностите во областа на средното образование во Град Скопје, донесена за тековната година, односно да придонесат за:

1. Зголемување на дигиталната писменост на учениците и наставниците и примена на креативните алатки (од дигитална технологија, мултимедија до роботика);
2. Обезбедување психосоцијална помош и превенција на врсничко и сајбер-насилство;
3. Развивање здрави животни стилови кај младите и проактивност во сопствениот кариерен развој;
4. Поттикнување одговорност и активности за заштита на животната средина;
5. Промоција на родова рамноправност и почитување на правата на учениците;
6. Унапредување креативни и аналитички вештини на учениците.

### Член 2

Проектите ќе бидат поддржани со средства обезбедени во Буџетот на Град Скопје, во H2 Програмата-вонучилишни наставни активности во соработка со невладини организации.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

### Член 3

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Град Скопје, можат да бидат доделени на здруженија, фондации и други правни лица, кои се занимаваат со активности поврзани со унапредување и развој на воспитно - образовниот процес во средните училишта, регистрирани во Централен регистар

на Република Северна Македонија со седиште во Скопје, кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

Постапките за доделување на финансиски средства наменети за кофинансирање на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа утврдена во членот 1 од овој Правилник ќе се спроведе со јавни повици објавени од Град Скопје.

**Член 5**

Јавниот повик се објавува на веб страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

**Член 6**

Јавниот повик содржи:

- временска рамка и користење на средствата;
- приоритети дефинирани во Програмата за активностите во областа на средното образование во Град Скопје, донесена за тековната година;
- основни критеируми кои треба да ги исполнуваат апликантите;
- задолжителна и придружна документација за аплицирање;
- рок и начин на спроведување на Јавен повик.

**Член 7**

Секој од поединечните јавни повици ќе трае 10 (десет) календарски денови од денот на објавувањето.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

**Член 8**

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Град Скопје, можат да бидат доделени на здруженија, фондации и други правни лица, кои се занимаваат со активности поврзани со унапредување и развој на воспитно - образовниот процес во средните училишта, регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија со седиште во Скопје, кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

**Член 9**

Апликантите кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на условите се должни да достават:

- пријава за финансиска поддршка на апликантот, потпишана и заверена со печат од овластено лице (достапна на веб-страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
- пополнет Образец за предлог- проект (достапен на веб-страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
- решение за регистрација на апликантот издадено од Централен регистар на РСМ;
- копија од тековна состојба на апликантот не постара од шест (6) месеци издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- телефонски број за контакт, адреса на апликантот и електронска адреса на лицето задолжено за водење на проектните активности;
- потврда од банка за активна трансакциска сметка;
- уверение за платени даноци издадено од даночни органи;
- потврда за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса);
- изјава дека за приложениот предлог проект не се добиени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје во тековната година и истиот нема да биде двојно финансиран од Буџетот на Град Скопје се до неговото завршување.

**Член 10**

**Дополнителна документација:**

Апликантите во прилог можат да ја достават и следнава дополнителна документација:
- годишен буџет на апликантот за тековната година;
- професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
- референтна листа или доказ (на пример: потпишан Договор) за најмалку два проекти реализирани во областа во која се аплицира;
- најмалку две препораки/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти и
- писмена поддршка од организациите или институциите за кои ги пријавуваат како учесници во реализација на проектот.

**Член 11**

Потребната документација за учество на повикот апликантите ја доставуваат преку Архивата на Град Скопје или преку пошта на адреса: бул.Илинден бр.82, 1000 Скопје. Документацијата се доставува во затворен плик со назнака:До Сектор за образование-Пријава за јавен повик.

Пликот НЕ СМЕЕ да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот. Пријавите доставени по e-mail нема да бидат разгледувани.

Пликот НЕ СМЕЕ да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот. Пријавите доставени по e-mail нема да бидат разгледувани.

Пријавата со комплетната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски и потпишана и заверена со печат и потпис од страна на овластеното лице на апликантот.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

### Член 12

Комисијата формирана од Градоначалникот ја спроведува постапката за разгледување на пристигнатите предлози за проекти врз основа на следниве критериуми:
:

| Области | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | 30 |
| 1.1 Проценка на квалитетот на организациската структура и човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 1.2 Стручни лица кои учествуваат во спроведување на проектот | 10 |
| 1.3 Дали здружението, фондацијата и другите правни лица располагаат со канцелариски простор и техничка опрема за спроведување на проектот | 10 |
| **2. Кофинансирање на проектот** | 20 |
| 2.1 Дали здружението, фондацијата или правното лице обезбедува повеќе од 15 проценти на сопствено учество во остварување на проектот | 10 |
| 2.2 Дали предложениот финансиски план е реален (описот на трошоци по категории/ позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |
| **3. Квалитет на проектот** | 40 |
| 3.1 Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети, колку е јасна и соодветно определена | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог проектот | 10 |

| | |
|---|---|
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | **10** |
| 3.4 Дали планот за спроведување на проектот е јасен и остварлив | **10** |

Максимум бодови кои може да ги добие апликантот се 90 бода. Секоја област од општите критериуми ќе се вреднува од еден (1) бод, пет (5) бода или 10 бода, со следното значење: еден (1) – НЕДОВОЛНО ДОБРО, пет (5) – ДЕЛУМНО ДОБРО и 10 – ДОВОЛНО ДОБРО.

**Член 13**

За утврдување на исполнувањето на условите и критериумите за доделување на финансиски средства на овој Правилник, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за доделување средства за поддршка на проекти на здруженија, фондации и други правни лица кои работат во областа на средното образование, во состав од Претседател и 4 четири членови (во понатамошниот текст: Комисија).

**Член 14**

Комисијата има за задача:

- да ја спроведе постапката;
- да го утврди исполнувањето на условите и критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување на пријавите на оние апликанти кои ги исполнуваат условите.

**Член 15**

По објавување на Јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

За текот на одржаниот состанок се води Записник.

Во Записникот, Комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни, и ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со Правилникот.

**Член 16**

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите и критериумите согласно овој Правилник, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за доделување на финансиски средства на апликантите.

Ковертите не смеат да содржат никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот, во спротивно истите ќе бидат одбиени.

Пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите согласно овој Правилник како и оние доставени по e-mail, Комисијата ги отфрла со Заклучок.

**Член 17**

Пријавата со потребната документација се доставува во еден оргинален примерок, пополнета електронски и потпишана и заверена од одговорно лице на апликантот.

**Член 18**

Предлогот за доделување на финансиски средства го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства за кофинансирање на проектите.

**Член 19**

Комисијата ги известува подносителите чии пријави се прифатени.

Комисијата ги известува и подносителите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат условите и критериумите утврдени согласно овој Правилник.

Комисијата ги известува подносителите доколку се поништи јавниот повик и не се донесе Решение за доделување на финансиски средства.

## VI.ПОНИШТУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 20**

Град Скопје може да го поништи јавниот повик доколку:

- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат условите и критериумите утврдени согласно овој Правилник и
- не се донесе Решение за доделување на финансиски средства по доставување на предлогот од Комисијата.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот со арх.бр.08-3501/1 од 01.04.2024 година.

**Член 22**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број 08 - 800/1**
27.01.2026 **2026 година**
**Скопје**

**Градоначалник на Град Скопје**
**Орце Ѓорѓиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP